# П Р О С П Е К Т

***за преземање на акции издадени од Скопски пазар акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија увоз-извоз Скопје (Скопски пазар АД Скопје)***

Комисијата за хартии од вредност не одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во Проспектот за преземање на акции издадени од Скопски пазар акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија увоз-извоз Скопје (Скопски пазар АД Скопје)

*1. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ* 3

*2. ОДГОВОРНИ ЛИЦА* 3

2.1. Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот 3

2.2. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот: 4

2.3. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот 4

*3. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВО ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ПРЕЗЕМАЧОТ ЈА ДАВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ* 4

*4. ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО* 5

4.1. Фирма и седиште на целното друштво 5

4.2. Хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање 5

*5. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ* 5

5.1. Услови под кои се спроведува понудата 5

5.2. Постапка за прифаќање на понудата 7

5.3. Детален опис на условите за откажување на понудата за преземање 9

5.4. Детален опис на условите за раскинување на понудата за преземање, доколку понудата за преземање е дадена со услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерските друштва 10

5.5. Детален опис на условите за одложување на понудата за преземање (условите за одложување мора да бидат во согласност со член 30 од Законот за преземање на акционерските друштва) 10

5.6. Други значајни информации во врска со понудата за преземање 11

*6. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО И ЗА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ* 11

6.1. Основни податоци за целното друштво 11

6.2. Основни податоци за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање 11

6.3. Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со целното друштво и за начинот на нивното заедничко дејствување 13

6.4. Податоци за првите десет најголеми сопственици на хартии од вредност издадени од целното друштво, согласно следната табела 13

6.5. Ревидирани финансиски извештаи за последните две години изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување и независно ревизорско мислење за последните две години изготвено согласно Меѓународните стандарди за ревизија 14

*7. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ* 30

7.1. Основни информации за преземачот 30


Современ дом АД Прилеп ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

7.2. ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВАТА КОИ ВО ВРСКА СО ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ДЕЈСТВУВААТ ВО СВОЕ ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ПРЕЗЕМАЧОТ 32
7.3. ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА КОИ ДЕЈСТВУВААТ ЗАЕДНИЧКИ СО ПРЕЗЕМАЧОТ И ЗА НАЧИНОТ НА НИВНОТО ЗАЕДНИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ 32
7.4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЦЕНТУАЛНОТО УЧЕСТВО И ВИДОТ НА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ, КАКО И УЧЕСТВОТО ВО ПРАВАТА НА ГЛАС КОИ ПРЕЗЕМАЧОТ И ЛИЦАТА КОИ ДЕЈСТВУВААТ ЗАЕДНИЧКИ ПРИ ОБЈАВУВАЊЕТО НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ВЕЌЕ ГИ ИМА ВО ЦЕЛНОТО ДРУШТВО 32
7.5. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПОСЛЕДНИТЕ ДВЕ ГОДИНИ НА ПРЕЗЕМАЧОТ, СО НАВЕДУВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО ОД РЕВИЗОРОТ ИЛИ ДА СЕ НАВЕДЕ ДЕКА ИСТИТЕ НЕ СЕ РЕВИДИРАНИ 33
7.6. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗВОРИТЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ (ДАЛИ ПОНУДАТА ЌЕ СЕ ФИНАНСИРА ОД СОПСТВЕНИТЕ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, ПРЕКУ КРЕДИТ ОД БАНКА ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН) И ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ПОНУДАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА НА ПРЕЗЕМАЧОТ ИЛИ НА ГРУПАТА НА КОЈА И ПРИПАЃА 33
7.7. ОПИС НА НЕКОИ ЗНАЧАЈНИ КОНТАКТИ, ТРАНСАКЦИИ ИЛИ ПРЕГОВОРИ ОД СТРАНА НА ПРЕЗЕМАЧОТ СО ЦЕЛНОТО ДРУШТВО НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ИЛИ СО НЕКОИ ОД АКЦИОНЕРИТЕ НА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО 62
***8. ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ*** **62**
8.1. ЦЕЛ НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ 62
8.2. НАМЕРАТА И ПЛАНОВИТЕ НА ПРЕЗЕМАЧОТ ВО ОДНОС НА ИДНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО, И АКО ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ИМА ВЛИЈАНИЕ И ВО ОДНОС НА ИДНОТО РАБОТЕЊЕ НА ПРЕЗЕМАЧОТ – ПРАВНО ЛИЦЕ 62
8.3. ДЕЛОВНАТА ПОЛИТИКА НА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО ПО ПРЕЗЕМАЊЕТО 62

## *1. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ*

1. **Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп,** со седиште во Прилеп, ул. Александар Македонски бр. 1 г/13, Прилеп, со ЕМБС 4117379 застапувано од Ацо Дудулоски и

2. **Друштвото за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**, со седиште во Скопје, ул. Партизански одреди бр.106, локал 1, Скопје, со ЕМБС 5778379 застапувано од Фатмир Етеми, управител и сопственик.

## *2. ОДГОВОРНИ ЛИЦА*

2.1. Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот

- Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот, а кои се однесуваат на Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп, ул. Александар Македонски бр. 1 г/13, Прилеп:
    - Ацо Дудулоски - Извршен член на Одборот на директори

- Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот, а кои се однесуваат на Друштвото за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. Партизански одреди бр.106, локал 1, Скопје:
    - Фатмир Етеми - Управител / Сопственик

**Современ дом АД Прилеп** ______________________

**ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** ______________________

2.2. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот:

***„Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на сопственикот на хартиите од вредност кои се предмет на понудата за преземање да донесе правилна одлука во врска со прифаќањето или неприфаќањето на понудата за преземање, дека објавените податоци се вистинити, потполни и точни и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката на сопственикот на хартии од вредност да ја прифати понудата за преземање или не".***

- Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп,
  ул. Александар Македонски бр. 1 г/13, Прилеп
  Извршен член на Одборот на директори
  Ацо Дудулоски
  ______________________________
- Друштвото за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,
  ул. Партизански одреди бр.106, локал 1, Скопје
  Управител / Сопственик
  Фатмир Етеми
  ______________________________

2.3. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот

***„Понудата се однесува на сите акционери кои поседуваат хартии од вредност и тоа 29.256 обични акции со право на глас издадени од Скопски пазар акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија увоз-извоз Скопје (Скопски пазар АД Скопје). Преземачот се обврзува да ја купи секоја хартија од вредност во согласност со пропишаните и објавените услови".***

- Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп,
  ул. Александар Македонски бр. 1 г/13, Прилеп
  Извршен член на Одборот на директори
  Ацо Дудулоски
  ______________________________
- Друштвото за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,
  ул. Партизански одреди бр.106, локал 1, Скопје
  Управител / Сопственик
  Фатмир Етеми
  ______________________________

| Современ дом АД Прилеп | ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
|---|---|
| __________________ | __________________ |

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВО ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ПРЕЗЕМАЧОТ ЈА ДАВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

Комерцијална банка АД Скопје (преку Дирекцијата за вршење на услуги со хартии од вредност) со седиште на ул.„Орце Николов" бр.3, Скопје, Р. Македонија, со даночен број МК4030989254937 и ЕМБС 4065573.

## 4. ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО

4.1. Фирма и седиште на целното друштво

Издавач на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање е **Скопски пазар акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија увоз-извоз Скопје** со седиште на ул. Ѓорче Петров бр.7, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија, регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија со даночен број МК4030952259530 и ЕМБС 4061764 (во понатамошниот текст **Скопски пазар АД Скопје**).

Основната дејност на Друштвото е издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

4.2. Хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање

- Вид и род: Понудата за преземање се однесува на обични акции со право на глас издадени од Скопски пазар АД Скопје.

- Број на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање: Понудата за преземање се однесува на сите обични акции со право на глас издадени од Скопски пазар АД Скопје со ИСИН број: MKSPAZ101010, освен на сопствените акции кои ги поседува друштвото, а кои изнесуваат 7.971 обични сопствени акции и 33.710 обични акции со право на глас кои заедно веќе ги поседуваат преземачите Современ Дом АД Прилеп и ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

## 5. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

5.1. Услови под кои се спроведува понудата

5.1.1. Цената по која преземачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност, односно односот на замена

Понудувачот се обврзува да ги откупи сите 29.256 обични акции со право на глас по цена од 6.500,00 денари по акција.

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

5.1.2. Начинот на утврдувањето на цената по која ќе се откупуваат хартиите од вредност, односно односот на замена

Утврдената цена по која ќе се откупуваат акциите кои се предмет на понудата за преземање е за 30% повисока од просечната цена на тргување на акциите издадени од Скопски пазар АД Скопје на Македонската берза на хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање. Просечната цена на тргување на акциите во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање изнесува 5.000,00 денари.

5.1.3. Датумот на започнување и датумот на завршување на рокот за прифаќање на понудата за преземање од страна на сопствениците на хартиите од вредност

Рокот на прифаќање на понудата за преземање започнува од денот на првото објавување на понудата за преземање, и ќе заврши 30 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.
Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 19.02.2021 година и завршува на 20.03.2021 година.

5.1.4. Доколку преземачот утврди праг на успешност, најмалата количина на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна (за секој вид и род на хартии од вредност поединечно), односно најнискиот процент од сите хартии од вредност на целното друштво кои преземачот, заедно со хартиите од вредност кои веќе ги поседува, треба да го стекне врз основа на понудата за преземање за таа да биде успешна

Понудата за преземање се однесува на сите акции определени во точка 4.2 од овој Проспект.
Не се определува најмала количина на обични акции со право на глас на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна.

5.1.5. Доколку преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност на целното друштво, податок дали ќе го користи правото на принудна продажба од член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва

Доколку Преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност на целното друштво, тој не планира да го користи правото на принудна продажба од член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва.

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

5.1.6. Трошоците што ќе им се наплатуваат на имателите на хартии од вредност што ќе ја прифатат понудата (доколку такви постојат)

На имателите на хартии од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата за преземање, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.

5.2. Постапка за прифаќање на понудата

5.2.1. Детален опис на процедурата за прифаќање на понудата согласно член 38 од Законот за преземање на акционерските друштва

Понудата за преземање се прифаќа со писмена изјава за прифаќање на понудата од страна на имателот на акции издадени од Скопски пазар АД Скопје. Изјавата за прифаќање ги содржи најмалку следните информации:

- име и презиме, односно назив и седиште на имателот на хартии од вредност кој ја прифаќа понудата за преземање;
- изјава од имателот на хартии од вредност за прифаќање на понудата за преземање;
- вид, род и количина на хартиите од вредност за кои се прифаќа понудата за преземање;
- сметка во банка на имателот на хартии од вредност на која се извршува исплата врз основа на прифатената понуда;
- овластување на Централниот депозитар за хартии од вредност за запишување на забраната за располагање со хартиите од вредност и
- потпис и единствен матичен број на имателот на хартии од вредност кој ја прифаќа понудата за преземање.

Согласно член 38 став 2 од Законот за преземање на акционерски друштва, потпишаните писмени изјави треба да се испратат на овластеното правно лице, односно банката од точка 3 на овој Проспект, на следната адреса:

Комерцијална банка АД Скопје
Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност,
„Орце Николов" бр.3,
1000 Скопје,

при што имателите на хартиите од вредност ги резервираат хартиите од вредност на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност и не можат повеќе да располагаат со нив.

Писмената изјава за прифаќање на понудата може да се потпише и во просториите на Комерцијална банка АД Скопје со седиште на „Орце Николов" бр.3,1000 Скопје и нејзините филијали низ Републиката, од 19.02.2021 година до 20.03.2021 година секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

Современ дом АД Прилеп | ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Понудата за преземање се смета за прифатена со денот на резервирање на хартиите од вредност на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Согласно член 39, став 3, со резервирање на хартиите од вредност од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност, се смета дека:

- е склучен договор меѓу прифаќачот на понудата за преземање во својство на продавач и преземачот во својство на купувач за продажба на хартиите од вредност кои се предмет на таа изјава по цена и под услови определени во понудата за преземање и
- прифаќачот на понудата за преземање не може повеќе да располага со хартиите од вредност кои се предмет на изјавата за прифаќање на понудата за преземање.

5.2.2. Податоци за начинот на депонирање на паричниот износ, односно банкарската гаранција

Преземачот на сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност предаде банкарски гаранции во вкупен износ од 190.500.000,00 денари, согласно член 34 од Законот за преземање на акционерски друштва. Притоа, Современ дом АД Прилеп на сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност предаде банкарска гаранција во износ од 90.500.000,00 денари, додека ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје предаде банкарска гаранција во износ од 100.000.000,00 денари.

5.2.3. Податоци за рокот и начинот на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена понудата за преземање

Плаќањето на акционерите кои ја прифатиле понудата за преземање се врши со исплата на парични средства од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност во рокот предвиден во член 50 од Законот за преземање на акционерски друштва, односно ро рок од 8 (осум) дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање.

5.2.4. Податоци за роковите и начинот на исполнување на обврските на преземачот кои ќе настанат со прифаќање на понудата за преземање

Преземачот е должен во рок од 3 (три) дена од истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање да објави известување за нејзиниот исход, согласно член 47 од Законот на преземање на акционерски друштва. Известувањето за исходот на понудата за преземање содржи податоци за вкупниот број на лица кои ја прифатиле понудата, вкупната количина на хартии од вредност кои се предмет на прифатената понуда, процентуалното учество

на хартиите од вредност кои се предмет на прифатената понуда во вкупниот број на издадени хартии од вредност, изјава дали понудата е успешна, односно неуспешна, како и опис на причината за неуспех во случај кога се работи за неуспешна понуда за преземање.

Преземачот е должен во горенаведениот рок (три дена од истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање) да достави известување за исходот од понудата за преземање до КХВ и другите надлежни институции.

Доколку понудата за преземање се прогласи за успешна, Преземачот е должен да ги откупи акциите на сите акционери кои ја прифатиле понудата за преземање.

Доколку Преземачот во постапката на преземање се стекне со 95% од акциите издадени од Скопски пазар АД Скопје, тој нема да го користи правото да ги купи акциите на останатите акционери коишто не ја прифатиле понудата за преземање. Принудната продажба се врши под условите и на начин дефиниран во член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.2.5. Детален опис на процедурата за исплата на парите по основ на прифаќање на понудата, односно издавање или предавање на хартиите од вредност за замена

Во согласност со Договорот за вршење на услуги во постапката за преземање на акционерско друштво склучен помеѓу Преземачот и Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 22.01.2021 година, Централниот депозитар за хартии од вредност е должен да ја изврши исплатата на паричните средства по основ на прифаќање на понудата за преземање на трансакциската сметка во деловната банка што акционерот ја навел во писмената изјава за прифаќање на понудата за преземање. Исплатата на парите ја врши Централниот депозитар за хартии од вредност во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање.

5.3. Детален опис на условите за откажување на понудата за преземање

5.3.1. Услови под кои преземачот може да ја повлече понудата за преземање

Од објавувањето на понудата за преземање и до истекот на рокот за нејзино прифаќање, Преземачот може да ја повлече понудата за преземање и да отстапи од договорите кои биле склучени со прифаќањето на оваа понуда, доколку друго правно или физичко лице даде конкурентска понуда за преземање во согласност со член 45 од Законот за преземање на акционерски друштва.

| Современ дом АД Прилеп | ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
|---|---|
| ____________________ | ____________________ |

Преземачот е должен најдоцна во рок од 1 (еден) работен ден да го објави повлекувањето на понудата за преземање. Повлекувањето има важност со денот на објавувањето, а договорите склучени со прифаќање на повлечената понуда се сметаат за раскинати. Истовремено со објавувањето на повлекувањето на понудата за преземање, Преземачот е должен да ги извести Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и овластениот депозитар.

5.3.2. Условите за откажување на прифаќањето на понудата од страна на сопственикот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање

Во случај на конкурентска понуда за преземање, а согласно член 43 од Законот за преземање на акционерски друштва, лицата кои до објавувањето на конкурентската понуда веќе ја прифатиле првата понуда за преземање со потпишување на изјавата од точка 5.2.1. од овој Проспект, имаат право да отстапат од писмената изјава и да ја прифатат конкурентската понуда.

5.4. Детален опис на условите за раскинување на понудата за преземање, доколку понудата за преземање е дадена со услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерските друштва

Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерски друштва.

5.5. Детален опис на условите за одложување на понудата за преземање (условите за одложување мора да бидат во согласност со член 30 од Законот за преземање на акционерските друштва)

Рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува во следните случаи и за следниот број на денови, но најмногу до истекот на крајниот законски рок од 60 дена од објавувањето на првата понуда за преземање, ако:

- Преземачот ја измени понудата за преземање согласно со членот 29 од Законот за преземање на акционерските друштва, рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува за 7 (седум) дена и

- е дадена конкурентска понуда за преземање, рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува до истекот на рокот за прифаќање на конкурентската понуда, доколку тој истекува подоцна, но не подолго од истекот на крајниот законски рок.

Преземачот е должен да ја објави секоја промена на роковите за прифаќање на понудата за преземање.

**Современ дом АД Прилеп** **ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

5.6. Други значајни информации во врска со понудата за преземање

Преземачите Современ Дом АД Прилеп и ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје заедно поседуваат 33.710 обични акции со право на глас издадени од Скопски пазар АД Скопје.

По успешното завршување на понудата за преземање, распределбата на акциите ќе се врши на начин кој е дефиниран во меѓусебниот договор склучен помеѓу двете одделни друштва кои се јавуваат како Понудувач.

Дополнително, за точниот број на акции кои ќе треба да бидат распределени на двете одделни друштва по успешното завршување на понудата за преземање, , ќе биде доставено писмено известување до ЦДХВ кое ќе го потпишат двете друштва.

## *6. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО И ЗА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ*

6.1. Основни податоци за целното друштво

- назив и седиште: Скопски пазар акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија увоз-извоз Скопје со седиште на ул. Ѓорче Петров бр.7, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија,
- матичен број: 4061764

6.2. Основни податоци за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање

6.2.1. Поединечна и вкупна номинална вредност и број на издадени хартии од вредност, по видови и родови

- Број на издадени обични акции: 70.937
- ИСИН број: MKSPAZ101010
- Номинална вредност на една обична акција: 51,13 ЕУР
- Вкупна номинална вредност: 3.627.008,81 ЕУР

6.2.2. Пазарот на кој се тргуваат овие хартии од вредност

Обичните акции на Скопски пазар АД Скопје се тргуваат на официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност, на сегментот берзанска котација.

6.2.3. Детални информации за тргувањето со хартиите од вредност по поединечни видови и родови издадени од целното друштво

- графички приказ на дневната просечна цена на хартиите од вредност за последните шест месеци пред објавувањето на

Современ дом АД Прилеп | ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

намерата за преземање (датумот е на х -оската, цената на у-оската)




- графички приказ на дневниот обем на тргување со хартиите од вредност за последните шест месеци пред објавувањето на намерата за преземање (датумот е на х -оската, цената на у -оската)




6.2.4. Последната пресметана книговодствена вредност на хартиите од вредност, по родови

Книговодствената вредност на обичните акции издадени од Скопски пазар АД Скопје пресметана врз основа на

Современ дом АД Прилеп ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

ревидираните неконсолидирани финансиски извештаи за 2018 година изнесува 28.498,81 денари, додека согласно објавените ревидирани неконсолидирани финансиски извештаи заклучно со 31.12.2019 година изнесува 28.074,91 денари.

Ревидираните неконсолидирани финансиски извештаи на Скопски пазар АД Скопје за 2018 и 2019 година се достапни и на СЕИ Нет на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност на следните линкови:

- Ревидирани неконсолидирани финансиски извештаи за 2018 година
  https://www.seinet.com.mk/Default.aspx?docID=46710

- Ревидирани неконсолидирани финансиски извештаи за 2019 година
  https://www.seinet.com.mk/Default.aspx?docID=50896

6.2.5. Исплатена дивиденда по акција за последните две години

Друштвото Скопски пазар АД Скопје нема исплатено дивиденда за 2018 година и 2019 година.

6.3. Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со целното друштво и за начинот на нивното заедничко дејствување

Преземачот не поседува информации за лица кои дејствуваат заеднички со целното друштво.

6.4. Податоци за првите десет најголеми сопственици на хартии од вредност издадени од целното друштво, согласно следната табела

| Име и презиме односно назив на акционерот | Број на хартии од вредност по видови, родови и класи | Процент од вкупниот број хартии од вредност |
|---|---|---|
| СОВРЕМЕН ДОМ АД ПРИЛЕП | 17.590 обични акции | 24,80% |
| Друштво за производство, градежништво, трговија, услуги и транспорт ЛИКО-ПРОЕКТ ДООЕЛ с. Липково, Липково | 17.532 обични акции | 24,71% |
| ЗСФ - КОМ ДООЕЛ СКОПЈЕ | 16.120 обични акции | 22,72% |
| СКОПСКИ ПАЗАР АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ И ТРГОВИЈА ИЗВОЗ-УВОЗ | 7.971 обични акции | 11,24% |
| ТИМ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ | 1.980 обични акции | 2,79% |

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

| | | |
|---|---|---|
| ТИМ С ДОО СКОПЈЕ | 1.930 обични акции | 2,72% |
| ДПТУ "ЛЕНД ИНВЕСТМЕНТС ДООЕЛ СКОПЈЕ | 1.924 обични акции | 2,71% |
| БАЛКАН МИЛК ДООЕЛ СКОПЈЕ | 1.450 обични акции | 2,04% |
| Друштво за производство, трговија и услуги ФАТ-БАЈ ДООЕЛ Скопје | 1.177 обични акции | 1,66% |
| Аспарух Коцески | 504 обични акции | 0,71% |

6.5. Ревидирани финансиски извештаи за последните две години изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување и независно ревизорско мислење за последните две години изготвено согласно Меѓународните стандарди за ревизија

Неконсолидираните (единечни) финансиски извештаи на Скопски пазар АД Скопје за 2018 година се ревидирани од Грант Тхорнтон ДОО Скопје, со седиште на ул. „Кирил и Методиј" бр.52б-1/20, Скопје, Р. Северна Македонија.

Ревидираните финансиски извештаи за работењето во 2018 година се усвоени од страна на акционерите на Годишното собрание на акционери одржано на 07.06.2019 година.

- Извештај на независниот ревизор и ревидирани неконсолидирани финансиски извештаи заклучно со 31.12.2018 година преземени од СЕИ Нет на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност (Белешките кои се составен дел на финансиските извештаи се достапни на СЕИ Нет)
(https://www.seinet.com.mk/Default.aspx?docID=46710)

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Grant Thornton

# Извештај на независниот ревизор

Grant Thornton DOO
Sv. Kiril i Metodij 52b-1/20
1000 Skopje
Macedonia

T +389 (0)2 3214 700
F +389 (0)2 3214 710
E Contact@mk.gt.com
www.grantthornton.mk

До Раководството и Акционерите на

Скопски Пазар АД, Скопје

**Извештај за финансиските извештаи**

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Скопски Пазар АД, Скопје ("Друштвото"), составени од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2018 година, и Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за промените во капиталот и Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 4 до 45.

*Одговорност на Раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, било поради измама или грешка.

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на РМ број 79 од 2010 година

Chartered Accountants
Member firm of Grant Thornton International Ltd

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Grant Thornton



При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Наше мислење е дека, финансиските извештаи ја презентираат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Скопски Пазар АД, Скопје на ден 31 декември 2018 година, како и резултатот од работењето и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

*Нагласување на прашање*

Без да изразиме резерва во нашето мислење, посочуваме внимание на Белешката 2.2 којашто укажува дека со состојба на 31 декември 2018 година тековните обврски на Друштвото, намалени за обврските по примени аванси од купувачи, ги надминуваат неговите тековни средства за износ од 194,249 илјади денари. Овие услови, заедно со другите прашања обелоденети во Белешката 2.2, укажуваат на постоење на материјална неизвесност којашто може да наметне значајно сомневање за способноста на Друштвото да продолжи врз основа на претпоставката за континуитет.

Раководството на Друштвото оценува дека претпоставката за континуитет применет при подготовката на овие финансиски извештаи е соодветна имајќи ги предвид ефектите од веќе превземените мерки и активности, како и очекуваните ефекти од планираните мерки и активности за поддршка на одржливоста и развојот на деловните активности на Друштвото. Детални обелоденувања се направени во Белешката 2.2 кон придружните финансиски извештаи.

Овие финансиски извештаи не содржат било какви корекции и рекласификации на евидентираните износи на средствата и обврските кои што би биле неопходни доколку Друштвото не би продолжило со своите деловни активности во неограничена иднина.

Chartered Accountants
Member firm of Grant Thornton International Ltd

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за изготвување на Годишниот извештај за работењето на Скопски Пазар АД, Скопје за 2018 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2018, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[2], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2018 година, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2018.

Скопје,
03 мај 2019 година

Грант Торнтон ДОО, Скопје

Управител
Марјан Андонов

Овластен ревизор
Марјан Андонов

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

# Извештај за финансиската состојба

| | Бел. | 31 декември 2018 000 мкд | 31 декември 2017 000 мкд |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 602,177 | 732,080 |
| Нематеријални средства | 5 | 615 | 606 |
| Вложувања во недвижности за изнајмување | 5 | 2,338,644 | 2,150,791 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 7 | 307 | 803 |
| | | **2,941,743** | **2,884,280** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 8 | 46,876 | 47,855 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 9 | 85,139 | 81,918 |
| Побарувања по данок на добивка | | 564 | - |
| Парични средства и еквиваленти | 10 | 177 | 1,776 |
| | | **132,756** | **131,549** |
| **Вкупно средства** | | **3,074,499** | **3,015,829** |
| **Капитал и обврски** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Акционерски капитал | 11 | 30,838 | 30,838 |
| Резерви | 11 | 1,541,344 | 1,403,248 |
| Нераспределена добивка | | 449,438 | 459,393 |
| **Вкупно капитал** | | **2,021,620** | **1,893,479** |
| **Обврски** | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Позајмици | 12 | 284,097 | 344,665 |
| | | **284,097** | **344,665** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Позајмици | 12 | 122,236 | 117,318 |
| Обврски спрема добавувачи и ост.обврски | 13 | 645,975 | 659,662 |
| Обврски по данок на добивка | | 571 | 705 |
| | | **768,782** | **777,685** |
| **Вкупно обврски** | | **1,052,879** | **1,122,350** |
| **Вкупно капитал и обврски** | | **3,074,499** | **3,015,829** |

Овие финансиски извештаи се одобрени од Управниот Одбор на Друштвото на ден 03 мај 2019 година и потпишани во име на Друштвото од:

Г-дин Сашо Давитковски
Претседател на Управен Одбор

Г-ѓа Снежана Ристова -Трифуноска
Директор на сектор за финансии и сметководство

Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

# Извештај за сеопфатната добивка

| | Бел. | Година што завршува на 31 декември 2018 000 мкд | 31 декември 2017 000 мкд |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 14 | 292,870 | 514,452 |
| Останати деловни приходи | 15 | 38,753 | 95,864 |
| Набавна вредност на продадени стоки и материјали | | (8,275) | (210,919) |
| Потрошени материјали, енергија и ситен инвентар | | (50,210) | (51,378) |
| Трошоци за користи на вработените | 16 | (109,949) | (141,664) |
| Депрецијација и амортизација | 5 | (28,458) | (66,098) |
| Останати деловни расходи | 17 | (83,061) | (85,328) |
| **Добивка од деловни активности** | | **53,670** | **54,929** |
| Приходи од финансирање | 18 | 638 | 489 |
| (Расходи) од финансирање | 18 | (39,707) | (45,329) |
| (Расходи) од финансирање, нето | | (39,069) | (44,840) |
| **Добивка пред оданочување** | | **14,601** | **10,089** |
| Данок на добивка | 19 | (2,805) | (3,338) |
| Добивка за годината | | 11,796 | 6,751 |
| Останата сеопфатна добивка: | | | |
| Ревалоризација на недвижности за изнајмување | 5,11 | 157,173 | 1,252,932 |
| Ослободување на резерви од продажба на недвижности за изнајмување | 5,11 | (40,762) | - |
| Ослободување на резерви од продажба на финансиските средства расположливи за продажба | 7,11,15 | (433) | (3,918) |
| Ослободување на резерви од продажба на ревалоризирана опрема | | (23) | - |
| Промена на објективната вредост на финансиските средства расположливи за продажба | 7,11 | 390 | 350 |
| | | **116,345** | **1,249,364** |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | **128,141** | **1,256,115** |
| **Добивка за сопствениците** | | **11,796** | **6,751** |
| **Вкупна сеопфат. добивка за сопствениците** | | **128,141** | **1,256,115** |
| **Заработувачка по акција** | | | |
| - Основна и разводнета (мкд по акција) | 20 | 188 | 108 |

Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

# Извештај за промените во капиталот

| | Акционерски капитал 000 мкд | Резерви 000 мкд | Нераспре -делена добивка 000 мкд | Вкупно 000 мкд |
|---|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2018 година** | **30,838** | **1,403,248** | **459,393** | **1,893,479** |
| *Трансакции со сопствениците* | | | | |
| Распределба на резерви (Бел.11) | - | 21,751 | (21,751) | - |
| **Вкупно трансакции со сопствениците** | - | **21,751** | **(21,751)** | - |
| *Сеопфатна добивка* | | | | |
| Добивка за годината | - | - | 11,796 | 11,796 |
| Останата сеопфатна добивка | - | 116,345 | - | 116,345 |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | - | **116,345** | **11,796** | **128,141** |
| **На 31 декември 2018 година** | **30,838** | **1,541,344** | **449,438** | **2,021,620** |
| **На 01 јануари 2017 година** | **30,838** | **153,884** | **452,642** | **637,364** |
| **Трансакции со сопствениците** | - | - | - | - |
| *Сеопфатна добивка* | | | | |
| Добивка за годината | - | - | 6,751 | 6,751 |
| Останата сеопфатна добивка | - | 1,249,364 | - | 1,249,364 |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | - | **1,249,364** | **6,751** | **1,256,115** |
| **На 31 декември 2017 година** | **30,838** | **1,403,248** | **459,393** | **1,893,479** |



**Современ дом АД Прилеп** **ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

# Извештај за паричните текови

| | Бел. | Година што завршува на 31 декември 2018 000 мкд | 31 декември 2017 000 мкд |
|---|---|---|---|
| **Оперативни активности** | | | |
| Приливи од купувачи и останати побарувања | | 297,166 | 633,568 |
| Плаќања на добавувачи и вработени и останати обврски | | (245,811) | (513,300) |
| Готовина од деловни активности | | 51,355 | 120,268 |
| Платени камати | | (38,573) | (46,609) |
| Платен данок од добивка | | (3,502) | (2,875) |
| **Нето паричен тек од оперативни активности** | | **9,280** | **70,784** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Набавка на недвижности, опрема, нематеријални средства и недвижности за изнајмување | 5 | (49,398) | (47,048) |
| Прилив од продажба на недвижности , опрема и недвижности за изнајмување | 5 | 94,927 | 84,521 |
| Приливи од дивиденда | 18 | 29 | 26 |
| Приливи по камати | 18 | 572 | 460 |
| Прилив од продажба на фин.с/ва расп.за продажба | 7 | 864 | 2,689 |
| **Нето паричен тек од инвестициони активности** | | **46,994** | **40,648** |
| **Финансиски активности** | | | |
| Приливи од кредити | | 92,400 | 35,806 |
| Отплата на кредити | | (150,207) | (145,134) |
| Исплатени дивиденди и награди | 11 | (66) | (2,675) |
| **Нето паричен тек (искористен за) финансиски актив.** | | **(57,873)** | **(112,003)** |
| **Нето промена на паричните средства** | | **(1,599)** | **(571)** |
| Парични средства на почетокот | 10 | 1,776 | 2,347 |
| **Парични средства на крајот** | **10** | **177** | **1,776** |

Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Неконсолидираните (единечни) финансиски извештаи на Скопски пазар АД Скопје за 2019 година се ревидирани од ТП ЗА РЕВИЗИЈА КОТЕВ, со седиште на ул. „Гевгелиски партизански одред“ број 1-М3/2, Гевгелија, Р. Северна Македонија.

Ревидираните финансиски извештаи за работењето во 2019 година се усвоени од страна на акционерите на Годишното собрание на акционери одржано на 29.05.2020 година.

- Извештај на независниот ревизор и ревидирани неконсолидирани финансиски извештаи заклучно со 31.12.2019 година преземени од СЕИ Нет на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност (Белешките кои се составен дел на финансиските извештаи се достапни на СЕИ Нет)
(https://www.seinet.com.mk/Default.aspx?docID=50896)

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

*ТП ЗА РЕВИЗИЈА КОТЕВ Гевгелија*
*ул. „Гевгелиски партизански одред" број 1-М3/2*
*тел. 070 218 422; 034 611-155*
*E-mail: kotev@t.mk*
*www.revizijakotev.com*

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До
Акционерите и раководството на
СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје

*Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на СКОПСКИ ПАЗАР акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз Скопје, кои го вклучуваат Извештајот за финансиската состојба на ден 31.12.2019 година, Билансот на успех со извештајот за сеопфатната добивка, Извештајот за паричниот тек, Извештајот за промените на капиталот и резервите, како и прегледот на значајните сметководствени политики и останатите белешки кон финансиските извештаи за годината која завршува на тој ден.*

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*
*Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи согласно Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија и за воспоставување на интерна контрола за која смета дека е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.*

*Одговорност на ревизорот*
*Наша одговорност е да изразиме мислење за овие извештаи засновано на нашата ревизија.*

*Ние ја водевме нашата ревизија согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија прифатени во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат ние да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумна сигурност дали финанските извештаи се ослободени од материјално значајни погрешни прикажувања.*

**Современ дом АД Прилеп** **ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

*Ревизијата вклучува извршување постапки за прибавување на ревизорски докази со кои се поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато било како резутат на измама, било како резултат на грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото, со цел дизајнирање на ревизорските постапки кои што се соодветни на околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот.*

*Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.*

*Ние веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.*

*Мислење*

*Според наше мислење финансиските извештаи на СКОПСКИ ПАЗАР акционерско друштво во приватна сопственост за услуги во прометот и трговија извоз-увоз Скопје даваат вистинска и објективна слика за финансиската состојба на Друштвото под 31-ви декември 2019 година, финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.*

*Нагласување на прашање*

*Како што е наведено во Белешка 2.4-континуитет во работењето, со состојба на 31.12.2019 година тековните обврски за износ од 495.492 илјади денари ги надминуваат вкупните тековни средства, што укажува на постоење на материјална неизвесност која може да наметне сомневање во претпоставката за континуитет. Понатаму вкупните тековни обврски на ден 31.12.2019 година, намалени за вкупните обврски по аванси од купувачите, ги надминуваат тековните средства за износ од 78.236 илјади денари. Менаџментот укажува на подобрувањето на овој соодност во однос на почетната состојба за годината, при што смета дека е реална претпоставката за континуитет при изготвувањето на овие финансиски извештаи.*



Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

*Овие финансиски извештаи не содржат корекции и рекласификации кои би биле неопходни доколку Друштвото не би ги продолжило деловните активности во неограничена иднина.*

*Нашето мислење не содржи резерва по претходно наведеното прашање.*

*Останати прашања*

*Финансиските извештаи на СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје за 2018 година ревидирани се од друг ревизор кој на ден 03. мај 2019 година издал неквалификувано мислење.*

***Извештај за други правни и регулативни барања***

*Во согласност со член 384 од Законот за трговските друштва раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишен извештај за работата на СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје за 2019 година.*

*Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото, во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија. По тој однос нашата работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување за конзистентноста на наведените извештаи.*

*Според наше мислење, податоците изнесени во Годишниот извештај за работењето на СКОПСКИ ПАЗАР АД Скопје за 2019 година кои произлегуваат од годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на 31. декември 2019 година и за годината што завршува на тој датум се конзистентни во сите материјални аспекти, со податоците објавени во годишната сметка и финансиските извештаи, во согласност со законската регулатива на Република Северна Македонија.*

Гевгелија, 24 април, 2020 година

Овластен Ревизор
м-р Ристо Котев

ТП за ревизија КОТЕВ Гевгелија

м-р Ристо Котев



Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

# БИЛАНС НА УСПЕХОТ ЗА 2019 ГОДИНА
## СО ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА

| Позиција (во 000 ден) | Белешка | 2019 | 2018 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | | 376.056 | 331.632 | 1,134 |
| Приходи од продажба | | 286.616 | 292.870 | 0,979 |
| *Приходи од продажба на домашен Пазар* | 6 | 286.616 | 292.870 | 0,979 |
| *Приходи од продажба на странски Пазар* | | - | - | - |
| Промени на залихите на готови производи и произ. во тек | | - | - | - |
| Останати оперативни приходи | 7 | 89.440 | 38.753 | 2,308 |
| **ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | | 325.058 | 277.953 | 1,169 |
| Набавна вредност на трговски стоки | 8.4 | 1.886 | 8.275 | 0,228 |
| Потрошени материјали, ситен инвентар и услуги | | 78.263 | 80.568 | 0,971 |
| *Потрошени материјали и ситен инвентар* | 8.1 | 53.399 | 50.210 | 1,064 |
| *Услуги* | 8.2 | 24.864 | 30.358 | 0,819 |
| Промени на залихите на готови производи и произ. во тек | | - | - | - |
| Трошоци за вработените | 9 | 95.647 | 109.949 | 0,870 |
| Амортизација, оштетување на средства и резервирања | | 70.090 | 33.516 | 2,091 |
| *Амортизација* | 8.3 | 23.076 | 26.458 | 0,872 |
| *Нето загуби поради оштетување на средства* | 10 | 47.014 | 7.058 | 6,661 |
| *Резервирања за трошоци и ризици* | | - | - | - |
| Останати оперативни расходи | 10 | 79.172 | 45.645 | 1,735 |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | | 50.998 | 53.670 | 0,950 |
| Финансиски приходи | | 320 | 638 | 0,502 |
| *Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики* | 11 | 294 | 638 | 0,461 |
| *Останати приходи од финансирање* | 11 | 26 | - | - |
| Финансиски расходи | | 23.978 | 39.707 | 0,604 |
| *Расходи по основ на камати и курсни разлики* | 11 | 23.978 | 39.707 | 0,604 |
| *Останати расходи од финансирање* | | - | - | - |
| Добивка (загуба) од редовно работ. пред оданочување | 12 | 27.340 | 14.601 | 1,872 |
| Данок на добивка | 12 | 2.755 | 2.805 | 0,982 |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | 12 | 24.585 | 11.796 | 2,084 |
| Малцински интерес | | - | - | - |
| НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА | 12 | 24.585 | 11.796 | 2,084 |
| Останата сеопфатна добивка | 12 | (56.315) | 116.345 | -0,484 |
| ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 12 | (31.730) | 128.141 | -0,248 |
| Заработка по акција (во денари) | 12.2 | 306,30 | 141,59 | 2,163 |

**Белешките прикажани на страните од 6 до 32 се составен дел на финансиските извештаи**

Претседател на Управниот одбор
**Младен Дамев**

Овластено лице за изготвување на финансиските извештаи
**Даниела Гацева**



**Современ дом АД Прилеп**

**ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАСИСКАТА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.12.2019 ГОДИНА

| Позиција (во 000 ден) | белешка | 2019 | 2018 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | | |
| **Постојани средства** | | **2.838.462** | **2.941.743** | **0,965** |
| Нематеријални средства | 13 | 392 | 615 | 0,637 |
| Недвижности постројки и опрема | 14 | 659.866 | 602.177 | 1,096 |
| Вложување во недвижности за изнајмување | 14 | 2.177.800 | 2.338.644 | 0,931 |
| Вложувања во подружници | | - | - | - |
| Вложувања во придружени претпријатија | | - | - | - |
| Вложувања во хартии од вредност | 15 | 404 | 307 | 1,316 |
| Останати долгорочни побарувања | | - | - | - |
| Одложено даночно средство | | - | - | - |
| **Тековни средства** | | **98.893** | **62.865** | **1,573** |
| Залихи | 16 | 42.832 | 46.876 | 0,914 |
| Побарувања од купувачи | 17 | 6.172 | 7.359 | 0,839 |
| Останати побарувања | 18 | 1.378 | 8.453 | 0,163 |
| Краткорочни вложувања | | - | - | - |
| Парични средства и еквиваленти на паричните средства | 19 | 48.511 | 177 | 274,073 |
| **Активни временски разграничувања** | 20 | **63.420** | **69.891** | **0,907** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **3.000.775** | **3.074.499** | **0,976** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | | |
| **Капитал** | | **1.991.550** | **2.021.620** | **0,985** |
| Капитал на основачите /акции | 21 | 32.499 | 30.839 | 1,054 |
| Резерви | 21 | 161.715 | 167.842 | 0,963 |
| Ревалоризациони резерви | 21 | 1.317.188 | 1.373.502 | 0,959 |
| Акумулирана добивка (загуба) | 21 | 480.148 | 449.437 | 1,068 |
| Малцински удел | | - | - | - |
| **ОБВРСКИ** | | **1.005.613** | **1.036.201** | **0,970** |
| **Долгорочни обврски** | | **411.228** | **284.097** | **1,447** |
| Обврски за долгорочни кредити | 22 | 411.228 | 284.097 | 1,447 |
| Обврски кон добавувачи и останати долгорочни обврски | | - | - | - |
| Останати долгорочни резервирања | | - | - | - |
| **Тековни обврски** | | **594.385** | **752.105** | **0,790** |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 23 и 24 | 517.055 | 601.104 | 0,790 |
| Обврски по краткорочни кредити | 24 | 71.380 | 120.150 | 0,594 |
| Краткорочни резервирања | | - | - | - |
| Обврски кон државата | 24 | 5.950 | 30.850 | 0,193 |
| **Пасивни временски разграничувања** | 25 | **3.612** | **16.678** | **0,217** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **3.000.775** | **3.074.499** | **0,976** |

**Белешките прикажани на страните од 6 до 32 се составен дел на финансиските извештаи**



**Современ дом АД Прилеп** **ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК НА ДРУШТВОТО
## ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.-31.12.2019 ГОДИНА

(во 000 ден)

| Позиција | 2019 | 2018 | Индекс |
|---|---|---|---|
| **А)Готовински текови од деловни активности** | **(55.577)** | **22.223** | **-2,436** |
| Нето добивка (загуба) после оданачувањето | 24.585 | 11.796 | 2,194 |
| Амортизација | 23.076 | 26.458 | 0,872 |
| Ревалоризација на амортизација | - | - | - |
| Намалување (зголемување) на залихите | 4.044 | 979 | 4,134 |
| Намалување (зголемување) на побарувањата од купувачите | 1.187 | 5.116 | 0,232 |
| Намалување (зголемување) на побарувања за аванси | 1.316 | 1.153 | 1,141 |
| Намалување (зголемување) на остан. краткор. побарувања | 5.759 | 7.960 | 0,377 |
| Намалување (зголемување) на АВР | 6.471 | (18.014) | -0,359 |
| Зголемување (намалување) обврски спрема добавувачите | (48.873) | (138.282) | 0,353 |
| Зголемување (намалување) обврски за примени аванси | (24.521) | 120.376 | -0,204 |
| Зголемување (намалување) на остан. краткорочни обврски | (35.555) | (9.826) | 3,324 |
| Зголемување (намалување) на ПВР | (13.066) | 14.507 | -0,901 |
| **Б) Готовински текови од инвестициони активности** | **80.205** | **(83.921)** | **-0,473** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (87.116) | (207.001) | 0,421 |
| Продажба на материјални и нематеријални средства | 167.418 | 122.584 | 1,035 |
| Намалување (зголемување) на долгорочни вложувања | (97) | 496 | 0,196 |
| Намалување (зголемување) на долгорочни побарувања | - | - | - |
| Намалување (зголемување) на кратк. финансиски вложув. | - | - | - |
| **В) Готовински текови од финансиски активности** | **23.706** | **60.099** | **1,072** |
| Зголемување на капиталот | (56.315) | 116.345 | -0,117 |
| Зголемување (намалување) на долгорочни кредити | 78.361 | (56.246) | -,1387 |
| Стекнување на малцински интереси | - | - | - |
| Исплатени девиденди | - | - | - |
| Продажба (откуп) на сопствени акции | 1.660 | - | - |
| Зголемување (смалување) на паричните средства | **48.334** | **(1.599)** | **-30,228** |
| Парични средства на почетокот на годината | **177** | **1.776** | **0,100** |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | **48.511** | **177** | **274,073** |

*Паричните средства ги опфаќаат парите во благајната и средствата на жиро сметката*

**Белешките прикажани на страните од 6 до 32 се составен дел на финансиските извештаи**



Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ НА ДРУШТВОТО

| ОПИС | КАПИТАЛ НА АКЦИОНЕРИТЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ | ПРЕМИИ И ОТКУПЕНИ СОПСТВЕНИ АКЦИИ | РЕЗЕРВИ | АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) | РЕВАЛОРИЗАЦИОНИ РЕЗЕРВИ | ВКУПНО КАПИТАЛ |
| **СОСТОЈБА 01.01.2018 ГОДИНА** | **264.611** | **(233.772)** | **146.091** | **459.392** | **1.257.157** | **1.893.479** |
| УПЛАТА НА АКЦИИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ОТКУПЕНИ СОПСТВЕНИ АКЦИИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРОДАДЕНИ СОПСТВЕНИ АКЦИИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КОНВЕРЗИЈА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДН. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДОБИВКА(ЗАГУБА) ЗА ФИН ГОДИНА | 0 | 0 | 0 | 11.796 | 0 | 11.796 |
| РАСПРЕД НА ДОБ ЗА РЕЗЕРВИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РАСПРЕД НА ДОБ ЗА ДИВИДЕНДИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РАСПРЕД НА ДОБ ЗА НАГР.ВРАБОТ. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ОСТАНАТИ РЕЗЕРВИ НА ДРУШТВОТО | 0 | 0 | 21.751 | (21.751) | 0 | 0 |
| ПРОЦЕНА НА МАТЕР.СВА | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УСОГЛАСУВ.НА ВЛОЖ.РАСП.ЗА ПРОД | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РЕАЛИЗ.КАПИТАЛ.ДОБИВКА ОД Х.В. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ЕВИДЕНТИРАЊЕ ЗА ЗАГ.ОД ПОДРУЖ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 0 | 0 | 0 | 0 | 116.345 | 116.345 |
| ОДЛОЖЕНИ ДАНОЦИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРИЗНАЕНИ ПРИХ/РАСХОДИ-НЕТО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КУРСНИ РАЗЛИКИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ОСТ. ЗГОЛ/НАМАЛ НА СРВАТА-НЕТО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **СОСТОЈБА 31.12.2018 ГОДИНА** | **264.611** | **(233.772)** | **167.842** | **449.437** | **1.373.502** | **2.021.620** |
| УПЛАТА НА АКЦИИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ОТКУПЕНИ СОПСТВЕНИ АКЦИИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРОДАДЕНИ СОПСТВЕНИ АКЦИИ | 0 | 1.660 | 0 | 0 | 0 | 1.660 |
| КОНВЕРЗИЈА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДН. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДОБИВКА(ЗАГУБА) ЗА ФИН ГОДИНА | 0 | 0 | 0 | 24.585 | 0 | 24.585 |
| РАСПРЕД НА ДОБ. ЗА РЕЗЕРВИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РАСПРЕД НА ДОБ. ЗА ДИВИДЕНДИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РАСПРЕД НА ДОБ. ЗА НАГР.ВРАБОТ. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ОСТАНАТИ РЕЗЕРВИ НА ДРУШТВОТО | 0 | 0 | (6.127) | 6.126 | 0 | (1) |
| ПРОЦЕНА НА МАТЕР.СВА | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УСОГЛАСУВ.НА ВЛОЖ.РАСП.ЗА ПРОД | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| РЕАЛИЗ.КАПИТАЛ.ДОБИВКА ОД Х.В. | 0 | 0 | 0 | 0 | 98 | 98 |
| ЕВИДЕНТИРАЊЕ ЗА ЗАГ.ОД ПОДРУЖ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ОДЛОЖЕНИ ДАНОЦИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ПРИЗНАЕНИ ПРИХ/РАСХОДИ-НЕТО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| КУРСНИ РАЗЛИКИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ОСТ. ЗГОЛ/НАМАЛ НА СРВАТА-НЕТО | 0 | 0 | 0 | 0 | (56.412) | (56.412) |
| **СОСТОЈБА 31.12.2019 ГОДИНА** | **264.611** | **(232.112)** | **161.715** | **480.148** | **1.317.188** | **1.991.550** |

**Белешките прикажани на страните од 6 до 32 се составен дел на финансиските извештаи**



Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

# 7. *ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ*

## 7.1. Основни информации за преземачот

### 7.1.1. Име и презиме, адреса и место на живеење (доколку преземачот е физичко лице), односно назив, седиште и матичен (доколку преземачот е правно лице)

- Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп, со седиште во Прилеп, ул. Александар Македонски бр. 1 г/13, Прилеп, со ЕМБС 4117379 застапувано од Ацо Дудулоски.

- Друштвото за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште во Скопје, ул. Партизански одреди бр.106, локал 1, Скопје, со ЕМБС 5778379 застапувано од Фатмир Етеми, управител и сопственик.

### 7.1.2. Претежна дејност на преземачот

68.20 – Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен по закуп (лизинг);
41.20 – Изградба на станбени и нестанбени згради.

### 7.1.3. Основна главнина

- Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп, основна главнина во износ од 3.500.664,00 евра.
- Друштвото за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, основна главнина во износ од 20.000.000,00 денари.

### 7.1.4. Податоци за првите десет најголеми сопственици на акции со право на глас издадени од преземачот, согласно следната табела

- Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп:

| Име и презиме односно назив на акционерот | Број на хартии од вредност по видови, родови и класи | Процент од вкупниот број хартии од вредност |
|---|---|---|
| Андон Дудулоски | 498,032 | 72.74% |
| Надица Шиповиќ | 37,616 | 5.49% |
| Коце Јанески | 26,618 | 3.89% |
| ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на РСМ | 7,852 | 1,15% |

**Современ дом АД Прилеп** **ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| Алкалоид АД Скопје | 3,323 | 0.49% |
| Димитар Џеков | 2,042 | 0.30% |
| Борче Темелковски | 1,396 | 0.20% |
| Славе Најдоски | 1,319 | 0.19% |
| Марија Мурговска | 1,289 | 0.19% |
| ТТ Пласт Ѓорче и Коста ДОО Скопје | 848 | 0.12% |

- Друштвото за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, е друштво со ограничена одговорност на едно лице:

  - Фатмир Етеми.

7.1.5. Податоци за членовите на надзорниот одбор, управниот одбор/одбор на директори на преземачот

- Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп е претставувано од следниве членови на Одборот на директори и тоа:
  - Жаклина Серафимова – Претседател и неизвршен член;
  - Ацо Дудулоски – Извршен член;
  - Коце Јанески - Неизвршен член.

- Друштвото за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје е друштво со ограничена одговорност на едно лице, претставувано од:
  - Фатмир Етеми – единствен управител и сопственик.

7.1.6. Доколку преземачот е дел од група (посложен деловен систем), краток опис на позицијата на преземачот во таа група

- Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп поседува значајно учество во следниве друштва:
  - СД ФЕШН ДОО Врање – 100% учество;
  - Омада осигурување АД Скопје – 100% учество;

- Друштвото за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје не е дел од група (посложен деловен систем).

7.1.7. Податоци за друштвата во кои преземачот има мнозинско учество (назив, земја во која се основани или работат, процентот на сопственост и ако е различен и процентот на гласачката моќ)

- Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп поседува мнозинско учество во СД ФЕШН ДОО Врање.

- Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп поседува мнозинско учество во Омада Осигурување АД Скопје.

7.2. Податоци за друштвата кои во врска со понудата за преземање дејствуваат во свое име и за сметка на преземачот

Не постојат друштва кои во врска со понудата за преземање дејствуваат во свое име и за сметка на преземачот.

7.3. Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот и за начинот на нивното заедничко дејствување

7.3.1. Име и презиме односно, назив, седиште и матичен број

Не постојат лица кои во врска со понудата за преземање дејствуваат заеднички со Преземачот.

7.3.2. Начин на нивното заедничко дејствување

Неприменливо со оглед дека не постојат лица кои во врска со понудата за преземање дејствуваат заеднички со Преземачот.

7.4. Податоци за процентуалното учество и видот на хартиите од вредност, како и учеството во правата на глас кои преземачот и лицата кои дејствуваат заеднички при објавувањето на понудата за преземање веќе ги има во целното друштво

7.4.1. Информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои преземачот се стекнал во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање

Современ Дом АД Прилеп поседува 17.590 обични акции со право на глас, што претставува 24,80% од вкупниот број на обични акции со право на глас издадени од Скопски пазар АД Скопје. Современ Дом АД Прилеп поседува 6.288 приоритетни партиципативни акции без право на глас, што претставува 42,98% од вкупниот број на приоритетни партиципативни акции без право на глас издадени од Скопски пазар АД Скопје.
ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје поседува 16.120 обични акции со право на глас, што претставува 22,72% од вкупниот

број на обични акции со право на глас издадени од Скопски пазар АД Скопје. ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје поседува 1.239 приоритетни партиципативни акции без право на глас, што претставува 8,47% од вкупниот број на приоритетни партиципативни акции без право на глас издадени од Скопски пазар АД Скопје.

Преземачот не се стекнал со хартии од вредност издадени од Скопски пазар АД Скопје во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање.

7.4.2. Информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот се стекнале во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање (за секое лице поединечно)

Неприменливо со оглед дека не постојат лица кои во врска со понудата за преземање дејствуваат заеднички со Преземачот.

7.5. Финансиски извештаи за последните две години на преземачот, со наведување на мислењето од ревизорот или да се наведе дека истите не се ревидирани

Консолидирани финансиските извештаи на Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп за 2018 година се ревидирани од Друштво за ревизија Б и Љ, Боро и Љупчо ДОО, Скопје, со седиште на ул. „Дрезденска" бр.52, Скопје, Р. Северна Македонија.

- Извештај на независниот ревизор и ревидирани консолидирани финансиски извештаи заклучно со 31.12.2018 година преземени од СЕИ Нет на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност (Белешките кои се составен дел на финансиските извештаи се достапни на СЕИ Нет) (https://www.seinet.com.mk/Default.aspx?docID=45491)

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

**Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. - Скопје**

Ревизија, Проценка и Финансиски Консалтинг

Дрезденска бр 52
1000 Скопје
Македонија

Тел: +389 (2) 3066-604
Тел: +389 (2) 3061-185
Факс: +389 (2) 3094-919

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Акционерите и Одборот на директори на**
**СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп**

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп што ги вклучуваат консолидираниот извештај за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2018 година, консолидираниот биланс на успех, консолидираниот извештај за сеопфатна добивка, консолидираниот извештај за промени во главнината и консолидираниот извештај за парични текови за годината што заврши тогаш, прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

## *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, и за интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

## *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали консолидираните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во консолидираните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на консолидираните финансиски извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.



Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ Увоз-извоз Скопје

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Основа за мислење со резерва*

Со верификација утврдивме дека кај побарувањата од купувачи (Белешка 19) во износ од 13.752 илјади денари, прикажани во извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2018 година, постојат стари салда во износ од 2.551 илјади денари, за кои не е извршена исправка на вредност. Постапувајќи на ваков начин Друштвото ги преценило побарувањата од купувачи и финансискиот резултат за истиот износ.

Како што е наведено во белешката 17 од овие финансиски извештаи, Друштвото има вложувања во котирани друштва на официјалниот пазар на Македонската берза - подсегмент берзанска котација во износ од 188.967 илјади денари. Друштвото ги води овие вложувања по набавната вредност во моментот на нивното купување на Македонската берза поради што постои неусогласеност со барањата во Меѓународниот сметководствен стандард 39 - Финансиски инструменти: признавање и мерење, што е прифатен во Република Македонија. Стандардот бара вложувањата расположливи за продажба да се сведат на нивната пазарна цена на берзата на крајот на годината. Доколку се направи мерење на овие вложувања расположливи за продажба според пазарната цена на Македонската берза на датумот на извештајот на финансиската состојба истите би изнесувале 314.693 илјади денари. За износот од 125.726 илјади денари, како резултат на зголемената вредност на вложувањата расположливи за продажба, подценети се вложувањата расположливи за продажба, резервата за објективна вредност на Друштвото и сеопфатната добивка. Ние изразивме мислење со резерва за ова прашање во финансиските извештаи на Друштвото за 2017 година.

*Мислење со резерва*

Според наше мислење, освен за ефектите опишани во основа за мислење со резерва, консолидираните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп заклучно со 31 декември 2018 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Друштвото, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со консолидираната годишната сметка и консолидираните финансиски извештаи за годината што заврши на 31 декември 2018 година.



Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Групата СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп за годината што заврши на 31 декември 2018 година.

Скопје, 5 април 2019 година

Овластен ревизор

Борислав Атанасовски

Ревизија, проценка и финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

Управител

Борислав Атанасовски

## ГРУПА СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп

### КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ
**за годината завршена на 31 декември 2018 година**

| **во илјади денари** | Белешки | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи од продажба** | 7 | **193.645** | **209.517** |
| Останати деловни приходи | 8 | 33.506 | 52.420 |
| Употребени суровини и помошни материј. | 9 | -505 | -270 |
| Плати и надоместоци од плати | 10 | -10.190 | -10.432 |
| Амортизација | | -15.592 | -15.162 |
| Останати деловни расходи | 11 | -171.210 | -206.527 |
| Набавна вредност на трговски стоки | | -1.502 | -9.798 |
| **Добивка од редовно работење** | | **28.152** | **19.748** |
| Финансиски приходи | 12 | 15 | 12 |
| Финансиски расходи | 12 | -11.000 | -10.753 |
| **Добивка пред оданочување** | | **17.167** | **9.007** |
| Данок од добивка | 13 | -6.528 | -4.251 |
| **Нето добивка** | | **10.639** | **4.756** |
| Основна заработувачка по акција (денари) | 14 | 15,53 | 6,95 |

**Генерален директор**

**Ацо Дудулоски**

**Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи**



Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

**ГРУПА СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп**

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
**за годината завршена на 31 декември 2018 година**

| во илјади денари | Белешки | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Добивка по оданочување** | | 10.639 | 4.756 |
| **Останата сеопфатна добивка** | | | |
| Нереализирани добивки (загуби) од вложувања расположливи за продажба | | - | - |
| Ревалоризација на недвижности, постројки и опрема | | | |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | | - | - |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | 10.639 | 4.756 |

**Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи**



Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

## ГРУПА СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
**за годината завршена на 31 декември 2018 година**

| во илјади денари | Белешки | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 15 | 146.562 | 133.397 |
| Вложување во недвижности за изнајмување | 16 | 1.086.113 | 1.103.203 |
| Вложувања расположливи за продажба | 17 | 188.967 | 193.327 |
| **Вкупно** | | **1.421.642** | **1.429.927** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 18 | 857 | 857 |
| Побарувања од купувачи | 19 | 13.752 | 22.511 |
| Побарувања за дадени аванси | 20 | 500 | 12.701 |
| Останати краткорочни побарувања | 21 | 5.566 | 5.080 |
| Краткорочни финансиски средства | 22 | 86.693 | 50.348 |
| Парични средства | 23 | 3.875 | 11.775 |
| **Вкупно** | | **111.243** | **103.272** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **1.532.885** | **1.533.199** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | | 201.072 | 201.072 |
| Законски резерви | | 13.461 | 12.922 |
| Ревалоризациони резерви | | 911.430 | 932.540 |
| Останати резерви | | 32.206 | 17.143 |
| Акумулирана добивка | | 68.958 | 53.138 |
| **Вкупно** | | **1.227.127** | **1.216.815** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни кредити | 24 | 150.183 | 149.765 |
| **Вкупно** | | **150.183** | **149.765** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 25 | 15.071 | 13.952 |
| Обврски за аванси | 26 | 55.236 | 61.234 |
| Останати краткорочни обврски | 27 | 16.129 | 11.888 |
| Краткорочни финансиски обврски | 28 | 69.139 | 79.545 |
| **Вкупно** | | **155.575** | **166.619** |
| **Вкупно обврски** | | **305.758** | **316.384** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **1.532.885** | **1.533.199** |

**Управниот одбор ги усвои овие финансиски извештаи на 31 март 2018 година и ги одобри за доставување до Централниот Регистар на РМ**

**Генерален директор**

**Ацо Дудулоски**

**Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи**



Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

## ГРУПА СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп

# КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
## за годината завршена на 31 декември 2018 година

**2018 година**

| во илјади денари | Акционер. капитал | Законски резерви | Ревалор. резерви | Останати резерви | Акумулир. добивка | капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018** | **201.072** | **12.922** | **932.540** | **17.143** | **53.138** | **1.216.815** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | |
| Добивка за годината | - | - | - | | 10.639 | 10.639 |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | - | - | | | **10.639** | **10.639** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | | |
| Распределено за дивиденда | | - | - | - | | |
| Продажба на НПО претходно проценети | | | -21.110 | | 21.110 | |
| Распределено за останати резерви | | 539 | - | 15.063 | -15.602 | - |
| Останато | | | | | -327 | -327 |
| **Состојба 31.12.2018** | **201.072** | **13.461** | **911.430** | **32.206** | **68.958** | **1.227.127** |

**2017 година**

| во илјади денари | Акционер. капитал | Законски резерви | Ревалор. резерви | Останати резерви | Акумулир. добивка | капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2017** | **201.072** | **12.922** | **971.558** | **17.143** | **9.954** | **1.212.649** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | |
| Добивка за годината | - | - | - | | 4.756 | 4.756 |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | - | - | | | **4.756** | **4.756** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | | |
| Распределено за дивиденда | | - | - | - | | |
| Продажба на НПО претходно проценети | | | -39.018 | | 39.018 | |
| Распределено за останати резерви | | - | - | | | - |
| Останато | | | | | -590 | -590 |
| **Состојба 31.12.2017** | **201.072** | **12.922** | **932.540** | **17.143** | **53.138** | **1.216.815** |

**Придружните белешки се составен дел на**
**овие финансиски извештаи**



Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

## ГРУПА СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
**за годината завршена на 31 декември 2018 година**

| во илјади денари | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| **А. Парични текови од деловни активности** | | |
| **Добивка / загуба пред оданочување** | 17.167 | 9.007 |
| **Усогласување за:** | | |
| Амортизација | 15.592 | 15.162 |
| Расходи од камати | 9.866 | 10.753 |
| Добивка / загуба од продажба и расход на основни средства и средства наменети за продажба | 20.652 | 47.613 |
| **Добивка / загуба пред промени во обртни средства** | **63.277** | **82.535** |
| Залихи | | 637 |
| Побарувања од купувачи | 8.759 | 2.001 |
| Останати краткорочни побарувања | 11.714 | -12.005 |
| Обврски спрема добавувачи | 1.119 | -576 |
| Обврски за аванси | -5.998 | 8.727 |
| Останати краткорочни обврски | 4.240 | 5.614 |
| **Парични средства од работење** | **83.111** | **86.933** |
| Платена камата | -9.866 | -10.753 |
| Платен данок на добивка | -6.528 | -4.251 |
| **Нето парични текови од деловни активности** | **66.717** | **71.929** |
| **Б. Парични текови од инвестициони активности** | | |
| Набавки на основни средства | -32.318 | -69.752 |
| Одлив/прилив од вложувања расположливи за продажба | 4.360 | 56 |
| Прилив / одлив од вложувања во подружници | - | - |
| Прилив / одлив од краткорочни позајмици | -36.345 | -36.352 |
| **Нето парични текови од инвестициони активности** | **-64.303** | **-106.048** |
| **В. Парични текови од финансиски активности** | | |
| Прилив / одлив од кредити | -9.988 | 20.116 |
| Консолидациони промени | -326 | -590 |
| Исплатени дивиденди | - | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **-10.314** | **19.526** |
| **НАМАЛУВАЊЕ/ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **-7.900** | **-14.593** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **11.775** | **26.368** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **3.875** | **11.775** |

**Придружните белешки се составен дел на овие финансиски извештаи**



Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Консолидирани финансиските извештаи на Акционерското друштво за производство, трговија и услуги Современ дом Прилеп за 2019 година се ревидирани од Друштво за ревизија Расел Бедфорд Атанасовски ДООЕЛ, Скопје, со седиште на ул. „8-ми Септември“ бр.2-2 спрат 6 бр.613, Скопје, Р. Северна Македонија.

- Извештај на независниот ревизор и ревидирани консолидирани финансиски извештаи заклучно со 31.12.2019 година преземени од СЕИ Нет на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност (Белешките кои се составен дел на финансиските извештаи се достапни на СЕИ Нет) (https://www.seinet.com.mk/Default.aspx?docID=51112)

Современ дом АД Прилеп

ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Russell Bedford
taking you further

Расел Бедфорд Атанасовски
Дооел, Скопје
Бул.8-ми Септември бр.2-2 спрат 6 бр.613
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Т: +389 (2) 30 90 495
+389 (2) 30 96 226
Е: rba@russellbedford.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Акционерите и Одборот на директори на**
**СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп**

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп што вклучуваат, консолидиран извештај за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2019 година, консолидиран билансот на успех, извештај за консолидирана сеопфатна добивка, консолидиран извештај за промени во главнината, консолидиран извештај за парични текови за годината што заврши тогаш, прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

## *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување прифатени и обајавени во Република Северна Македонија, и за интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

## *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали консолидираните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во консолидираните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Основа за мислење со резерва*

Со верификација утврдивме дека кај побарувањата од купувачи (Белешка 19) во износ од 20.028 илјади денари, прикажани во извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2019 година, постојат стари салда во износ од 7.652 илјади денари, за кои не е извршена исправка на вредност. Постапувајќи на ваков начин Друштвото ги преценило побарувањата од купувачи и финансискиот резултат за истиот износ.

Со верификација утврдивме дека кај краткорочните финансиски средства (Белешка 22) во износ од 89.914 илјади денари, прикажани во извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2019 година, постојат стари салда во износ од 3.176 илјади денари, за кои не е извршена исправка на вредност. Постапувајќи на ваков начин Друштвото ги преценило краткорочните финансиски средства и финансискиот резултат за истиот износ.

*Мислење со резерва*

Според наше мислење, освен за ефектите опишани во основа за мислење со резерва, консолидираните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Групата СОВРЕМЕН ДОМ АД - Прилеп заклучно со 31 декември 2019 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со сметководетвените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

